‚Читајте го Куранот, зашто на Судниот ден тој ќе дојде како застапник за тие што го читале

Ебу Умаме ел-Бахили, Аллах нека е задоволен со него, рекол: „Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: ‚Читајте го Куранот, зашто на Судниот ден тој ќе дојде како застапник за тие што го читале. Читајте ги двете светлини – Ел Бекаре и Али Имран – бидејќи на Судниот ден ќе дојдат како два облака, или две сенки, или две групи птици со раширени крилја, застапувајќи се за оние што ги читале. Читајте ја сурата Ел-Бекаре, затоа што нејзиното изучување носи благослов, а нејзиното напуштање е загуба, а маѓепсниците не можат да ѝ се спротивстават.‘“

[صحيح] [رواه مسلم]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, поттикнал на редовно читање на Куранот, бидејќи тој на Судниот ден ќе се заземе за оние што го читаат и се придржуваат кон неговите упатства. Посебно ја истакнал вредноста на сурите Ел Бекаре и Али Имран, нарекувајќи ги „двете светлини“ поради нивната светлина и упатство. Нивната награда и корист – преку читањето, размислувањето за нивните значења и постапувањето според нивните прописи – на Судниот ден ќе дојдат како два облака или слично на нив, или како две групи птици со раширени крилја што се надоврзуваат една на друга, правејќи сенка за, и бранејќи го оној што ги читал. Потоа, салаллаху алејхи ве селем, уште еднаш ја нагласил важноста на постојаното читање на сурата Ел Бекаре, нејзиното разбирање и примена на нејзините упатства, истакнувајќи дека тоа носи голем благослов и корист и на овој свет и на Ахиретот. Напуштањето на оваа сура е причина за загуба и жалење на Судниот ден, а меѓу нејзините посебни вредности е и тоа што маѓепсниците не можат да му наштетат на оној што ја чита.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/10851